**Информација за презентирање на резултатите од анализата на Прашалникот за интегритет за 2017 година**

ДЗР како врховна ревизорска институција во Република Македонија е посветена на зголемување на довербата на граѓаните во доброто управување со јавните средства од страна на институциите во јавниот сектор.

Интегритетот е една од петте фундаментални вредности на етиката која подразбира да се работи чесно, доверливо, со добра намера и во интерес на јавноста. Интегритетот треба да биде една од клучните вредности кои се вградени во секојдневното работење на институциите во јавниот сектор.

ДЗР во 2012 година спроведе самооценување на нивото на интегритет со помош на Into-SAINT алатката, а заклучоците од истата се содржани во Стратегијата за развој на ДЗР за период 2013 – 2017 година. Како признание за овие пионерски чекори, ДЗР на покана на Холандскиот суд за ревизија учествуваше во презентирање на примената на оваа алатка на првата EUROSAI работилница во 2013 година. Годишната програма за работа за 2014 година, ДЗР ја посвети на извршување на ревизии на успешност на системот на финансиско управување и контрола и негово ефикасно функционирање кај субјектите од јавниот сектор, со кои се опфати и интегритетот како дел од контролното окружување.

ДЗР континуирано ги следи меѓународните актуелности во делот на управувањето со јавните средства, **меѓу кои етиката и интегритетот** се во фокусот на интересот на меѓународната јавност. Од 2015 година, ДЗР секоја година учествува на меѓународните семинари за транспарентност и интегритет, организирани од страна на ВРИ на Република Унгарија.

Со цел добивање на подетални информации како основа за анализа на состојбите со етиката и интегритетот како систем на вредности и принципи кои треба не само да ја заштитат репутацијата на институциите во јавниот сектор туку и да го унапредат нивното работење, **ДЗР за прв пат изработи Прашалник за интегритет за 2017 година** кој го достави до 174 институции од јавниот сектор и ги опфати најзначајните корисници на средства од буџетот на РМ и ЕЛС. За обработка на овој прашалник развивме своја Методологија на анализа на прашалникот која се базира на теоретските основи за само - проценка на нивото на интегритет базирана на Into-SAINT алатката креирана од страна на Холандскиот суд за ревизија, на која се основа и Унгарскиот модел, со должно внимание на специфичностите на јавниот сектор во Република Македонија.

Резултатите од Анализата на Прашалникот за интегритет за 2017 година може да послужат како основа за зголемување на свесноста на институциите за потребата од донесување на соодветни политики и процедури како и следење на трендот на промени во оваа област .

Оваа Анализа беше направена на иницијатива на раководството и од страна на вработени на Државниот завод за ревизија кои  имаат учествувано на меѓународните семинари во областа на анти-корупцијата и интегритетот, организирани од страна на ВРИ на Унгарија. Искуството на ДЗР во спроведувањето на проектот “Анализата на прашалникот за интегритет за 2017 година”, беше презентирано на петтиот меѓународниот семинар во областа на анти-корупцијата и интегритетот, под наслов “**Моделот за интегритет на ВРИ на Унгарија – од Сензибилност до Ревизија на интегритет”,** организиран од страна на Врховната ревизорска институција на Република Унгарија, во Сарваш, во периодот од 05 до 09 март 2018 година и беше оценето како едно од значајните анализи кои произлегле од континуирано учеството на овие работилници.

За потребите на семинарот беше подготвена и публикација во која беше објавено и искуството на ДЗР од спроведувањето на проектот “Анализа на прашалникот за интегритет за 2017 година”,






ABSTRACT

Lessons learnt in implementing the Integrity approach

Elena Dogazanska, auditor, SAI Macedonia

Keywords: self-assessment, ethics and integrity, Into-SAINT

The State Audit Office as a supreme audit institution of the Republic of Macedonia is committed to increasing citizens' confidence in good management of public funds by the public sector institutions. Integrity is one of the five fundamental values of ethics which entails working honestly, confidentially, in good faith and in the public interest. In order to assess its integrity, in 2012 the State Audit Office conducted a self-assessment with the application of the international tool Into-SAINT, and the conclusions thereof were contained in SAO Development Strategy 2013-2017. As a recognition of these pioneering steps, the Netherlands Court of Audit invited SAO to present the application of this tool at the first EUROSAI workshop held in May 2013 in the Court of Audit of the Republic of Turkey. Leading by example, in 2014 SAO devoted the Annual Work Program to conducting performance audits on the system of financial management and control and its efficient functioning within the public sector entities, which covered integrity as part of the control environment. Since 2015, SAO regularly participates at the annual international seminars on transparency and integrity organized by the SAI of Hungary. In 2017, SAO developed Integrity Questionnaire that was delivered to 174 public sector institutions, which are the most significant beneficiaries of funds from the Budget of the Republic of Macedonia and to the local self-government units. The purpose of this questionnaire was to obtain more detailed information that would serve as basis for analyzing the situation in relation to ethics and integrity as a system of values and principles that should not only protect the reputation of the public sector institutions, but also improve their operation. The questionnaire is comprised of 12 areas covering the particular risks faced by the institutions in dealing with corruption, as well as the established control systems for adequate managing of existing risks for efficient achievement of institutions' objectives. For processing the questionnaire data, we developed our own methodology for analysis based on the international Into-SAINT tool, similar to the Hungarian model, with due attention to the specifics of the public sector in the Republic of Macedonia. This questionnaire can serve as basis for increasing awareness of the institutions about the need to adopt appropriate policies and procedures and to follow developments in this area. It can also serve as an important tool for developing programs for performing future audits in the field of ethics and integrity as well as for audit of the institutional setup of the anti-corruption system in the country.

FOR INTEGRITY-ORIENTED CULTURE

STATE AUDIT OFFICE OF HUNGARY

